**8. Во Затвор Охрид се упатуваат:**

а) деца од машки пол осудени со правосилна пресуда на казна затвор за деца и

б) машки и женски лица спрема кои е определена мерка притвор од подрачјето на основните судови: Охрид, Струга и Дебар.

**9. Во Затвор Струмица се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Струмица и Штип и

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Струмица и Штип.

**10. Во Затвор Скопје се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната, по пресметаниот притвор изнесува до три години, од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје;

б)машки лица – повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и

в) машки и женски лица спрема кои е определена мерка притвор од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Тетово и Гостивар.

**11. Во Затвор Тетово се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години за подрачјато на основните судови: Тетово, Гостивар и Дебар;

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основните судови: Тетово, Гостивар и Дебар.

12. Во услови кога одделението за притвор е со исполнет капацитет или постојат други оправдани причини, надлежниот суд кој ја определува мерката притвор во согласност со Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите ги упатува лицата мерката притвор да ја извршуваат во друго притворско одделение.

II.

Во воспитно – поправен дом Тетово се упатуваат:

а) деца од машки пол на кои со правосилна одлука им е изречена воспитна мерка упатување во воспитно – поправен дом за територијата на Република Северна Македонија и

б) деца од женски пол на кои со правосилна одлука им е изречена воспитна мерка упатување во воспитно – поправен дом за територијата на Република Северна Македонија. Овие лица мерката ја издржуваат во одделението за женски лица.

III.

Мерките на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани се извршуваат во следниве јавни здравствени установи:

а) Во ЈЗУ Психијатриска болница - Скопје се упатуваат осудени лица од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и подрачјето на основните судови: Велес, Гостивар, Дебар, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово и Тетово;

б) Во ЈЗУ Психијатриска болница - Демир Хисар се упатуваат осудени лица од подрачјето на основните судови: Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга и

в) Во ЈЗУ Психијатриска болница - Негорци се упатуваат осудени лица од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кавадарци, Кочани, Неготино, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

IV.
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. До создавање на услови и ставање во функција на одделението за женски лица во Воспитно - поправниот дом Тетово, децата од женски пол на кои им е изречена мерката упатување во воспитно - поправен дом се упатуваат во КПД Идризово со Отворено одделение во Велес.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за распоредување на осудените лица и децата во казнено – поправните и воспитно – поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено – поправните установи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/20).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 21-421/1
10 февруари 2025 година
Скопје

Министер за правда,
**Игор Филков**, с.р.

---

**841.**

Врз основа на член 19 став (2) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО, КЛАСИФИКАЦИЈАТА И РАЗМЕСТУВАЊЕТО НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено - поправните установи.

Член 2

Под „класификација“, во смисла на овој правилник, се подразбира поделба на осудените лица во соодветни одделенија во рамки на казнено-поправната установа (во натамошниот текст: установата) од одреден вид заради примена на мерки од ист или сличен вид.

Под „распоредување“, во смисла на овој правилник, се подразбира групирање на осудените лица во соодветни групи во рамките на одделенијата во установата од одреден вид.

Под „разместување“, во смисла на овој правилник, се подразбира промена на одредената група, одделение или установа заради успешно реализирање на целите на третманот.

Под „дополнителна класификација" на осудено лице се подразбира промена на претходно утврдената класификација и програма за третман.

## I. КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОСУДЕНО ЛИЦЕ

Член 3

При класификација на осудено лице, се земаат во предвид следните податоци:

- податоците од извршеното испитување на личноста на осуденото лице во приемното одделение на установата;
- возраста;
- видот и природата на кривичното дело;
- мотивот од кои е извршено кривичното дело;
- ставот на осуденото лице кон кривичното дело;
- степенот на кривичната одговорност;
- претходна осудуваност;
- дали лицето издржувало мерка притвор;
- дали пресудата е правосилна или започнал со издржување на казна затвор пред правосилноста на пресудата;
- дали осуденото лице е осудено во отсуство;
- околноста дали против осуденото лице се води постапка за друго кривично дело или му е изречена друга казна затвор;
- начинот на кој осуденото лице започнало да ја издржува казната;
- податоците од извршената проценка на ризик;
- податоци од извршен скрининг за радикализирани осудени лица и идентификување на ранливоста кон радикализација;
- психолошките, педагошките, социјалните, безбедносните карактеристики и потреби на осуденото лице и
- здравствената состојба.

### Класификација на осудено лице во одделенија на установи од затворен вид

Член 4

Осудено лице во установи од затворен вид се класификува во затворено, полуотворено или отворено одделение.

Во затворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење подолго од три години, како и казна затвор над една година за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е многу висок, висок, среден или низок, кое е неподготвено за прифаќање на програмата за третман и од кое се очекува потешко да се адаптира на условите во установата.

Во полуотворено одделение се класификува лице порано осудувано ако остатокот на казната затвор по пресметаниот притвор изнесува до три години, чиј степен на ризик е среден или низок и кое е делумно подготвено за прифаќање на програмата за третман.

Во отворено одделение се класификува примарно осудено лице на казна затвор до три години или ако остатокот на казната затвор по пресметаниот притвор изнесува до три години, чиј степен на ризик е низок или многу низок и кое е подготвено за прифаќање на програмата за третман.

### Класификација на осудено лице во одделенија на установи од полуотворен вид

Член 5

Осудено лице во установи од полуотворен вид се класификува во затворено, полуотворено или отворено одделение.

Во затворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење до три години или ако остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, како и казна затвор до една година за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е висок или среден, кое е неподготвено за прифаќање на програмата за третман и од кое се очекува потешко да се адаптира на условите во установата.

Во полуотворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење до три години или ако остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, како и казна затвор до една година за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е среден или низок и кое е делумно подготвено за прифаќање на програмата за третман.

Во отворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење до три години или ако остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, чиј степен на ризик е низок или многу низок и кое е подготвено за прифаќање на програмата за третман.

### Класификација на осудено лице во одделенија на установи од отворен вид

Член 6

Осудено лице во установи од отворен вид се класификува во полуотворено и отворено одделение.

Во полуотворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење до три години како и казна затвор до една година за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е среден или низок, кое е неподготвено или делумно подготвено за прифаќање на програмата за третман и од кое се очекува потешко да се адаптира на условите во установата.

Во отворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење до три години како и казна затвор до една година за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е низок или многу низок и кое е подготвено за прифаќање на програмата за третман.

### Класификација на осудено лице од женски пол

Член 7

Осудено лице од женски пол се класификува во затворено, полуотворено или отворено одделение.

Во затворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење подолго од три години или ако остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, како и казна затвор над една година за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е многу висок, висок, среден или низок, кое е неподготвено за прифаќање на програмата за третман и од кое се очекува потешко да се адаптира на условите во установата.

Во полуотворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење до три години или ако остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, како и казна затвор до една година за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е среден или низок и кое е делумно подготвено за прифаќање на програмата за третман.

Во отворено одделение се класификува лице осудено на казна затвор во траење до три години или ако остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години чиј степен на ризик е низок или многу низок и кое е подготвено за прифаќање на програмата за третман.

**Дополнителна класификација**

Член 8

Дополнителна класификација на осудено лице може да се направи доколку настанале промени во податоците за класификација од член 3 од овој правилник и тоа:

-ако против осуденото лице не се води постапка за друго кривично дело или не му е изречена друга казна затвор;

-по добивање на правосилна пресуда доколку започнал со издржување на казната затвор пред правосилноста на пресудата и

-доколку на осуденото лице не му е дозволено повторување на постапка со правосилно решение од надлежниот суд.

Раководителот на Секторот за ресоцијализација или вработените задолжени за третманот на осуденото лице од Секторот за ресоцијализација, доколку во Секторот нема раководител на сектор, предлагаат дополнителна класификација на стручниот тим од приемното одделение.

Стручниот тим од приемното одделение доколку утврди дека настанале значителни промени од став 1 на овој член, доставува образложен предлог на директорот на установата.

II. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОСУДЕНО ЛИЦЕ ВО ГРУПА ВО УСТАНОВИ

**Распоредување на осудено лице во група во установи од затворен вид**

Член 9

Осудено лице класификувано во затворено одделение се распоредува во група В1, В2 или В3.

Во групата В1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е многу висок и висок.

Во групата В2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е висок или среден.

Во групата В3 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице класификувано во полуотворено одделение се распоредува во група Б1 или Б2.

Во групата Б1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него се води постапка за друго кривично дело.

Во групата Б2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице класификувано во отворено одделение се распоредува во група А.

Во групата А се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е низок или многу низок и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

**Распоредување на осудено лице во група во установи од полуотворен вид**

Член 10

Осудено лице класификувано во затворено одделение се распоредува во група В2 или В3.

Во групата В2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е висок или среден.

Во групата В3 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице класификувано во полуотворено одделение се распоредува во група Б1 или Б2.

Во групата Б1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него се води постапка за друго кривично дело.

Во групата Б2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице класификувано во отворено одделение се распоредува во група А.

Во групата А се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е низок или многу низок и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

**Распоредување на осудено лице во група во установи од отворен вид**

Член 11

Осудено лице класификувано во полуотворено одделение се распоредува во група Б1 или Б2.

Во групата Б1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него се води постапка за друго кривично дело.

Во групата Б2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице класификувано во отворено одделение се распоредува во група А.

Во групата А се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е низок или многу низок и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

**Распоредување на осудено лице со парични казни во установи од полуотворен и отворен вид**

Член 12

Осудено лице на кое му е заменета паричната казна со ефективна казна затвор се распоредува во група В2 во затворено одделение или во група Б1 во полуотворено одделение.

**Распоредување на осудено лице со неправосилна пресуда и лице осудено во отсуство**

Член 13

Осудено лице со неправосилна пресуда и лице осудено во отсуство се распоредува во група В2 во затворено одделение.

III. РАЗМЕСТУВАЊЕ НА ОСУДЕНО ЛИЦЕ ВО УСТАНОВИ

Член 14

Кога се разместува осуденото лице се врши промена на третманската група од построга во полиберална и обратно.

Осуденото лице за да биде разместено во полиберална група треба:

-да има издржано дел од казната затвор;

-да не му е изречена дисциплинска казна во последните 3 месеци за полесна повреда на редот и дисциплината и без дисциплинска казна за потешки повреди на редот и дисциплината во последните 6 месеци;

- да има проценка на резултатите од реализација на индивидуалната програма за третман и

- против него да не се води постапка за друго кривично дело.

Осуденото лице се разместува во построга група:

- ако против него се води постапка за друго кривично дело или му е изречена друга казна затвор;

- ако стори потешка дисциплинска повреда и

- ако не се исполнети целите на индивидуалната програма за третман.

**Разместување на осудено лице во установи од затворен вид**

Член 15

Осудено лице може да биде разместено од група В1 во група В2 по издржана минимум една година од извршената класификација, согласно член 13 од овој правилник.

Осудено лице на казна затвор од 1 до 10 години може да биде разместено од група В2 во група В3 по издржана 1/3 од должината на казната затвор, согласно член 13 од овој правилник.

Осудено лице на казна затвор од 10 до 20 години може да биде разместено од група В2 во група В3 на една година пред 1/2 од должината на казната затвор, согласно член 13 од овој правилник.

Осудено лице на казна затвор од 20 до 40 години може да биде разместено од група В2 во група В3 по издржани 2/3 од должината на казната затвор, согласно член 13 од овој правилник.

Осуденото лице кое не ги исполнува очекувањата од општите услови за разместување може да се размести во построга група во рамките на истото одделение.

Разместено осудено лице во построга група може повторно да биде разместено во полиберална група по издржани 6 месеци од разместувањето во построга група.

Разместено осудено лице во построга третманска група и дисциплински казнето осудено лице за дисциплинска повреда – физички напад или недолично однесување кон службено лице или друго осудено лице, бегство или обид за бегство од издржување на казната затвор или од здравствена установа во која е упатен на лекување и чување, оддалечување од кругот на установата, злоупотреба на доделените погодности (невраќање од користење на погодност надвор од установата) и ненавремено враќање од прекин на казна може да се размести во полиберална група, доколку ги исполнува условите од член 13 од овој правилник и да има издржано 1/2 од неиздржаниот дел од казната во одделението каде што е разместено во група.

Осудено лице може да се размести од група Б1 во група Б2 по донесување на правосилна пресуда од надлежен суд за кривичната постапка која се води против него и да не се води постапка за друго кривично дело.

**Разместување на осудено лице во установи од полуотворен вид**

Член 16

Осудено лице на казна затвор до три години или доколку остатокот од казната затвор е до 3 години, може да биде разместено од група В2 во група В3 по издржана 1/3 од должината на казната затвор, согласно член 13 од овој правилник.

Разместено осудено лице во построга третманска група и дисциплински казнето осудено лице за дисциплинска повреда – физички напад или недолично однесување кон службено лице или друго осудено лице, бегство или обид за бегство од издржување на казната затвор или од здравствена установа во која е упатен на лекување и чување, оддалечување од кругот на установата, злоупотреба на доделените погодности (невраќање од користење на погодност надвор од установата) и ненавремено враќање од прекин на казна може да се размести во полиберална група, доколку ги исполнува условите од член 13 од овој правилник и да има издржано 1/2 од неиздржаниот дел од казната во одделението каде што е разместено во група.

Осудено лице може да се размести од група Б1 во група Б2 по донесување на правосилна пресуда од надлежен суд за кривичната постапкла која се води против него и да не се води постапка за друго кривично дело.

**Разместување на осудено лице во установи од отворен вид**

Член 17

Осудено лице може да се размести од група Б1 во група Б2 по донесување на правосилна пресуда од надлежен суд за кривичната постапкла која се води против него и да не се води постапка за друго кривично дело.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено - поправните установи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/20 и 120/23).

Член 19

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-423/1
10 февруари 2025 година
Скопје

Министер за правда,
**Игор Филков**, с.р.